**ПРИЛОГ I.2**

**ОПИС НА ЛОКАЦИЈАТА**

**РАД – КОМ ДООЕЛ Скопје**

Мај, 2022

## СОДРЖИНА

**1. ОПИС НА ЛОКАЦИЈАТА....................3**

1.1 МАКРОЛОКАЦИЈА....................3

1.2 МИКРОЛОКАЦИЈА....................3

**ДОДАТОЦИ....................5**

# 1. ОПИС НА ЛОКАЦИЈАТА

## 1.1 Макролокација

Инсталацијата на операторот РАД – КОМ ДООЕЛ Скопје каде што ќе ги врши активностите за лиење на бакар и производство на брикети се наоѓа во постоечка индустриска зона за тешка индустрија, во кругот на бившата Рудници и железарница Скопје, во општина Гази Баба.

Инсталацијата за лиење на бакар се наоѓа на КП број 2263/1, КО Гази Баба, Општина Гази Баба на вкупна површина од 3100 m$^2$ и објект во кој е предвидено да биде сместена постројката со површина од 1142 m$^2$.

| Површина на локација на постоечка инсталација = 3100 m$^2$ . |
|---|

Од најблиското населено место Железара, локациите се оддалечени околу 1 km, а од центарот на Град Скопје околу 3,5 km.

Објектот за лиење на бакар во кој е сместена инсталацијата, од својата десна или источна страна граничи со управната зграна на Фаморд. Јужно на околу 80 метри се наоѓа топла валавница, додека северно на околу 50 м се наоѓа РЖ Институт. Со својата предна страна, инсталацијата излегува на сервисна улица која го поврзува западниот со источниот дел од индустриската зона. Локацијата е определена со следните географски координати:

**Север** N: 42.011259°

**Исток** E: 21.467429°

**Нова активност:**

Инсталацијата за производство на брикети се наоѓа на КП 2245/1, КО Гази Баба, општина Гази Баба.

Локацијата на која што се наоѓа инсталацијата за третман на отпадна прашина е дел од простор определен за намена Г – производство, дистрибуција и сервиси, согласно ГУП-от на Град Скопје, односно фабрички круг на поранешна Железара. Во Додаток Во околината на локацијата се наоѓаат бројни и различни индустриски капацитети. Вкупната површина на локацијата/парцелата на која предвидено е да се врши третманот на отпадна прашина е 32721 m$^2$ или 3.27 ha.

| Површина на локација на новата инсталација = 32721 m$^2$ или 3.27 ha. |
|---|

Локацијата на новата активности се наоѓа на надморска височина од 250 m е определена со следните географски координати:

**Север** 42.004700°

**Исток** 21.472671°

Местоположбана на РАД – КОМ ДООЕЛ Скопје е дадена во додаток 1.

## 1.2 Микролокација

**Инсталација за лиење на бакар**

На локација од околу 3100 m$^2$ се наоѓа објект со површина од 1142 m$^2$ во кој е предвидено да се одвива активноста за лиење на бакар на операторот РАД – КОМ ДООЕЛ Скопје.

Локацијата каде што е предвидено да се изведува активноста на операторот се наоѓа на простор определен за намена Г – производство, дистрибуција и сервиси, согласно ГУПот на Град Скопје, а видено од информацијата добиена од надлежниот орган, Општина Гази Баба, сектор за урбанизам и градежно земјиште (дадено во додаток 2).

Пред објектот се наоѓа паркинг простор за службени возила на операторот. Пристапот до локацијата е од нејзината јужна страна преку сервисна улица. Главниот и службен влез во објектот исто така се наоѓа на јужната страна, со пристап од паркингот. Работен влез предвидено е да има од западната страна кој би функционирал како влезна и излезна врата од инсталацијата од работен аспект.

Во додаток 3 е дадена микролокација и граници на локација на инсталација.

Функционално, објектот се состои од административен и производен дел. Административниот дел го зафаќа централниот и десниот или источниот дел од објектот. Тој се состои од канцелариски простор за изведување на тековните работи на администрацијата кај операторот.

Производниот дел се наоѓа во левиот блок или западната страна на објектот, сместен во производна хала. Оваа хала зафаќа површина од околу 600 $m^2$ во која е предвидено да биде сметен цел технолшки процес со целокупната инфраструктура неопходна за изведување на активноста. Хала е составена од две нивоа, приземно ниво каде е предвидено да биде сместен и да се одвива технолошкиот процес и подземно, подрум ниво наменето за складирање на суровини и материјали.

Во додаток 4 се дадени графички прилози за основа на приземното и подрум нивото.

**Нови активности:**

Инсталација за третман на отпадна филтерска прашина

Активноста за третман на отпадна филтерска прашина од металуршки процеси и производство на брикети ќе се спроведува на КП 2245/1, КО Гази Баба, општина Гази Баба, во затворен објект лоциран на вкупна површина од 3100$m^2$.

Активноста ќе се одвива во постоечки затворен објект (работна хала) со големина, составен од хала за одвивање на активноста и административна просторија. Во објектот ќе биде поставена следната опрема:

- затворен приемен бункер,
- затворен силос за складирање и дозирање на прашина,
- мешалка,
- екструдер преса за производство на брикети,
- затворени полжавести транспортери,
- боксови за готов производ,
- канцеларија.

Шематскиот приказна објектот е даден на следната слика.



**Слика** Шематски приказ на објект за спроведување на активноста – вертикален поглед на хала, поглед од страна (горе) и ситуација на работна хала (доле)

Постапување со отпад

Активностите за постапување со отпад предвидено е да се изедуваат на КП2245/1 во затворени објекти на локацијата и во самиот двор на локацијата.

**ДОДАТОЦИ**

**Додаток 1 Местоположба и опкружување - макролокација на инсталациите**

**Додаток 2 Извод од план**

**Додаток 3 Микролокација**

**Додаток 4 Графички прилози**

**Додаток 1 Местоположба и опкружување - макролокација на инсталацијата за лиење на бакар**




**Местоположба и опкружување - макролокација на инсталацијата за производство на брикети**


Старо Скопје
Стајковци-вонград
Железара
Чаир
РАД-КОМ
Гази Баба
Сингелић 1
Центар 1
Маџари

## Додаток 2 Извод од план за КП 2263/1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

**ОПШТИНА "ГАЗИ БАБА"**
**С К О П Ј Е**
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
Одделение за спроведување на урбанистички планови
Бр **28-3/1656-2** од **10.06.2014** год.

ДО
Рад-Ком ДООЕЛ Скопје
Ул.,,16 –та Македонска Бригада,, бр. 18
Скопје

Предмет: Известување

Во врска Вашето барање Бр. 28-3/1656 од 09.06.2014 год. за издавање Извод од план за **К.П. 2263/1 К.О. Гази Баба**, Ве известуваме дека за **К.П. 2263/1 К.О Гази Баба** нема план поради што не сме во можност да издадеме извод од план.

Напоменнуваме дека по ГУП на град Скопје на посочениот простор предвидено е Г- производство дистрибуција сервиси.

**РА**

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР,
**Светлана Јованоска Диа**

МП

**Додаток 3 Микролокација и граници на локација на инсталација за лиење на бакар**



## Додаток 4 Графички прилози за инсталација за лиење на бакар

### Основа на објект



## Основа на подрум ниво



**Додаток 5 Известување од општина Гази Баба за намена на поширока локација**

Друштво за внатрешен и надворешен промет на големо и мало производство и услуги РАД-КОМ ДООЕЛ
СКОПЈЕ

| Примено: | 11.05.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Раб. Орг. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 068 | | |

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
Оделение за урбанистичко планирање
**Бр. 28-3/1855-2 од 09.05.2022 год.**
СКОПЈЕ

**ДО**

**"Рад-Ком" ДООЕЛ**
**ул. "16-та Македонска бригада"** бр.18

**Скопје**

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Во Врска со Вашето барање за издавање Извод од план под **Бр. 28-3/1855** од **05.05.2022** год., Ве известуваме дека **КП 2245/1 КО Гази Баба не е во опфат** на **донесените детални урбанистички планови и не може да Ви издадеме извод** од **план.**

Според **ГУП на Град Скопје ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2012 - 2022, КП 2245/1, КО Гази Баба**, е во **Градска четврт С 17 блок 03, со доминантна намена Г- тешка индустрија.**

изработил
**Снежана Зарева диа**

**Раководител на сектор,**
**Благица Блажевска, диа**

МП

**Додадок 6 Локација на постоечка и нова активност**







Извор: https://ossp.katastar.gov.mk/OSSP/